Бр./Nr 12-423/10
03-05-2022 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата со број 12-423/1 од 26.01.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-423 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-423/1 од 26.01.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, по електронски пат. Во пријавата се изнесени сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на службени лица во ///, при доделување договор за јавна набавка по јавен оглас бр. /// за одржување хигиена во деловните простории. Сукцесивно, пријавата е надополнета два пати, по електронски пат на 17.02.2021 година и на 19.02.2021 година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК побара надлежно постапување и доставување податоци, информации и документација од ///, Министерство за внатрешни работи на РСМ, како и од Службата за општи и заеднички работи при Владата на РСМ.

Со увидот во доставеното, ДКСК утврди дека во конкретниот случај, се работи за стопански спор, за чие решавање надлежен бил ///, кој постапувал по повод поднесена тужба од тужителот, за што е донесено ///.

Согласно горе наведеното, произлезе дека друг надлежен орган постапувал по наводите од пријавата на подносителот, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**